Врз основа на Одлука на Совет бр.08-4875/12 за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата во 2018 година ,член 4 од Правилникот бр. 08-4875/13 за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културни манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2018 година на правно лице, член 113 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.08/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци објавува,

# КОНКУРС

## За делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата од областа на културата за 2018 година на правно лице

Се делегираат надлежностите за организирање и реализирање на културни манифестации предвидени во Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2018 година и тоа :

**1.Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“ -14ти Февруари 2018**
**2.Културно стопанска туристичка манифестација „Тиквешки Гроздобер“-септември**
**3.Нова Година – декември**

Обврска на правното лице е во целост на ги испланира, организирам, реализира и менаџира култирните манифестации.

Висината на финансиските средства од Буџетот на Општина Кавадарци за делегираната надлежност е содржана во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2018 година.

Кон пријавата правното лице треба да приложи :

1.Решение за упис во Централен регистар

2.Полн назив на субјектот што ги реализира активностите од делегираната надлежност.

3.Детален опис на активностите , носители и рокови за реализација на делегираните надлежности- програма за начин и постапка за вршење на делегираната надлежност.

4.Финансиска структура на активностите.

5.Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во вршење на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство.

6.Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

За меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности помеѓу Општина Кавадарци и правното лице ке се склучи договор согласно Законот за облигациони односи.

Предложените проекти, покрај образложениeто мора да содржат и предлог финансиска конструкција во која ќе бидат наведени средствата што се бараат од Буџетот на Општина Кавадарци како и средствата обезбедени од Министерството за култура на РМ, сопствени приходи како и други извори.

Потребните податоци како и предлог проектите со финансиска конструкција треба да се достават задолжителнона посебен формулар – Пријава која може да се подигне во електронска верзија од вец страната на Општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk.

Заинтересираните правни лица пријавите со горенаведените прилози може да ги достават до Општина Кавадарци во рок од 7 дена од денот на објавувањето на конкурсот во средствата за јавно информирање , во архива или по пошта на адреса :

**Општина Кавадарци**
**Плоштад Маршал Тито бр.2 Кавадарци**
**Со назнака“ Конкурс- Култура 2018 ‘**

Пријавите со непотполни податоци како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок , нема да бидат разгледувани.

**Бр.______________**
**_____________ година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Градоначалник**
**М-р Митко Јанчев**